Република
Македонија

Република Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО
ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 01-500/8
26.04 2018 год
СКОПЈЕ

# П Р А В И Л Н И К
## за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

Скопје, април 2018 година

МАПАС
Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

Врз основа на член 52-а став (1) точка в) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016 и 21/2018), член 10 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 ) и член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана ??.04.2018 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
**за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**

**Член 1**

Во Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (01 – 1209/2 од 30.09.2015 година) член 7 став 1 точката 5. се менува и гласи:

"за категоријата Б нивоата Б02 и Б04 активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)".

**Член 2**

Во член 8 став 1 точката 4. се менува и гласи:

"активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)".

**Член 3**

Во член 9 став 1 точката 4. се менува и гласи:

"за категоријата Г нивоата Г02 и Г04 активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 01-500/8
26.04.2018 година

Претседател на Советот на експерти
д-р Булент Дервиши с.р.

26/04/2018

Образложение

Измената за систематизацијата произлезе од потребата за нејзино усогласување со измената и дополнувањето на Законот за административни службеници (Сл. Весник бр. 11/2018). Со оваа измена одредбите со кои се бараше, приложување на меѓународно признати сертификати за познавање на еден од најчесто користени јазици на Европската Унија, за работните места на административните службеници од категориите Б, В и Г се заменуваат со општа одредба за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).